РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12 -551/4
10-11-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава на непознат односител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 54-та седница одржана на ден 01.11.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12 - 2280 од 2019 година оформен по пријава на непознат подносител, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување. Владата на РСМ не постапи по иницијативата на ДКСК за поведување постапка за утврдување на одговорност на службени лица.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2280 од 2020 година, е оформен по анонимна пријава од 04.04.2019 година, со наводи за коруптивно постапување, злоупотреби на службената положба и овластувањата и несовесно работење во службата, во постапката за прием и за административна селекција на пријави доставени до Владата на РСМ, во постапка по Јавен оглас објавен од страна на Владата за избор на пет комисионери (членови) од кои еден претседател на Комисијата за хартии од вредност на РСМ, објавен во дневниот печат на ден 10 февруари 2018 година.

Заради утврдување на фактичката состојба, ДКСК во неколку наврати достави барања до Владата на РСМ - Генерален секретаријат на Владата на РСМ за достава на податоци и информации, со прилог документација по однос на предметните наводи.

По извршениот увид во доставениот одговор и документација, ДКСК констатира дека се потрдуваат предметните наводи и констатирана е повреда на закон, по што, согласно со член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и врз основа на утврдените состојби и сомневања за противправно постапување од страна на службени лица во Владата на РСМ, на 36-та седница одржана на ден 23 јули 2020 година донесе Одлука согласно која до Претседателот на Владата на РСМ и до Генералниот секретар на Владата на РСМ достави Иницијатива за:

1) преиспитување на целокупната постапка на: прием на пријавите на пријавените кандидати и документацијата доставена во прилог на пријавите; на архивското заведување и постапувањето со пријавите и документацијата доставена во прилог на истите; не спроведување на постапка за административна селекција на пријавените кандидати и нивните пријави со прилог документи во постапката по Јавниот оглас, како и на постапката за избор на кандидати по однос на кои Владата до Собранието на Република Македонија доставила Предлог бр. 24-4722/1 од 02 мај 2018 година за избор на претседател и за комисионери (членови) на Комисијата за хартии од вредност и

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

2) За утврдување одговорност и преземање мерки кон лица за не применување на постапките и процедурите за прием на пријави и административна селекција на пријавените кандидати според приложените документи на денот на приемот на пријавата од секој од кандидатите, во постапката по наведениот јавен оглас.

Иницијативата е заведена под број 12-1519/13 од 28.07.2020 година, со која ДКСК побара Владата на РСМ да постапи по истата и да ја извести Државната комисија за донесените одлуки по однос на иницијативата - писмено, со прилог акти и документи од постапувањето и копии од донесените одлуки.

Владата на РСМ на ден 17.06.2021 година ја извести ДКСК дека Владата во врска со овој предмет веќе известила дека во врска со Јавниот оглас за избор на претседател и членови на Комисија за хартии од вредност Владата на РСМ како колективно тело го има утврдено предлогот на седница истиот бил доставен до Собранието на РСМ и нема преземено активности за утврдување на одговорност на службени лица.

Со оглед на сето погоре констатирано, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил : К.Н, Член на ДКСК